Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 10.04.2018 година, донесе :

# ОДЛУКА

## за усвојување на Нацрт План за зачувување на Белчишко блато (Сини вирој)

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Дебрца го усвојува Нацрт Планот за зачувување на Белчишко блато (Сини Вирој).

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број** 08-762/3
10.04 **2018 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Петре Голабоски**



# НАЦРТ ПЛАН ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО (СИНИ ВИРОЈ)

**Проект: Белчишко Блато во нашите срца / Project: Belchishta Wetland is in our hearts**

CRESSIDA
BUILDING LOCAL COMMUNITY RESILIENCE FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT IN INTERNATIONAL WATERSHEDS SUCH AS THE DRINI AND DRINA RIVER WATERSHEDS

REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER

Еколошко друштво
Грашница Охрид
Environmental organisation
Grashnica Ohrid

Охрид 2017 год.



## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **РЕЗИМЕ** | 3 |
| **ОПШТО ЗА МОЧУРИШТАТА** | 4 |
| **ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО** | 5 |
| **ЗНАЧЕЊЕ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО** | 9 |
| **АНКЕТА НА ЛОКЛАНО НАСЕЛЕНИЕ** | 14 |
| **ПЛАН ЗА ЗАШТИТА** | 16 |
| **ЛИТЕРАТУРА** | 19 |


**Планот за зачувување на Белчишко Блато** е во рамките на проектот: **Белчишко Блато во нашите срца**

Целта на проектот е да се зајакнат капацитетите на општина Дебарца за одржлива употреба на Белчишкото блато преку развој на план за зачувување на блатото и едукација на пошироката јавност.

Проектот е финансиран од финансиски поддржан од проектот CRESSIDA и Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа, канцеларија во Скопје, 2017 г. / This project is financed by the project CRESSIDA and the Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC), Office in Skopje, 2017



## РЕЗИМЕ

Белчишкото Блато обезбедува значајни директни и индиректни придобивки за луѓето и живиот свет, преку на пример: снабувањето со вода, кружење на водата и нутриентите, природни ресурси, риболовот, одвивање на земјоделски и сточарски активности, можности за рекреација и туризам, место за истражување, набљудување на птици и сл. Можноста Блатото да се претвори во место каде би доаѓале посетители или набљудувачи на птици е високо потенцијална опција за добивање финансиски средства за општина Дебрца (од наплатени влезници) и подобрување на социјалната клима во Општината заради вработување на лица. Планот за зачувување на белчишко блато - сини вироj преставува акциски документ којсе препорачува да се спроведува од страна на локните заедници се додоека не се превземат мерки за негово прогалсување за заштитено подрачје.

## SUMMARY

Belchisko Blato provides significant direct and indirect benefits for people and wildlife, for example: water supply, water circulation and nutrients, natural resources, fishing, agricultural and livestock activities, recreation and tourism opportunities, place for research, observation of birds and so on. The possibility of turning the Drought into a place where visitors or observers of birds would come is a highly potential option for obtaining funds for the municipality of Debrca (from collected tickets) and improving the social climate in the Municipality for the purpose of employment of persons. The plan for preserving the whiteness of the whiteness - blue wine represents an action document that is recommended to be implemented by the prominent communities, while measures are taken to prosecute it for a protected area.

## ОПШТО ЗА МОЧУРИШТАТА

Мочуриштата претставуваат влажни живеалишта кои опфаќаат плитки



стоечки води и подлоги натопени најчесто со слатка вода. Тие можат да бидат природни или вештачки, постојани или привремени, а водата во нив може да биде стоечка или течечка, солена или слатка. Иако мочуриштата прекриваат само 6% од површината на Земјата, тие се витални за природата и човекот, бидејќи играат улога на сунѓери кои го впиваат вишокот на вода и филтри кои ја пречистуваат водата која поминува од тука. Секое мочуриште претставува единствен екосистем кој обезбедува храна, вода и природно опкружување, како и подрачје за размножување на многу растенија и животни.

Во 1971 година, одржана е интернационална конвенција за влажните живеалишта во Рамсар (Иран) во организација на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN). Рамсарската конвенција (Конвенција за влажни живеалишта од меѓународна важност) е меѓувладина спогодба која обезбедува план за национална акција и меѓународна соработка за зачувување и разумна употреба на влажните живеалишта и нивните ресурси. Според дефиницијата од Рамсарската конвенција, во категорија водни живеалишта спаѓаат: „мочурливи места, бари, тресетишта или води (без разлика дали се вештачки или природни), константно или повремено полни места со вода која може да биде истечна или неистечна, свежа, солeникава или солена, вклучувајќи ги и морските води чија длабочина за време на плимата не надминува шест метри". Со други зборови, терминот водни живеалишта опфаќа: извори, потоци, реки и рекички, езера, локви со вода, блата, мочуришта, тресетишта, влажни ливади, поплавени шуми, итн. Сепак, вообичаено за влажни живеалишта се сметаат влажните ливади, блатата и мочуриштата.

Влажните живеалишта во Македонија зафаќаат мали површини. Тоа се должи на повеќе природни и антропогени фактори. Во основа, природните фактори се однесуваат на климата која во Македонија е главно под влијание на медитеранската клима, што значи голем дел од годината е ариден (сушен). Сепак, во котлините постојат повеќе блата и мочуришта кои се остатоци од некогашните големи езера што биле присутни во сите котлини во Македонија. Тресетиштата и



алакалните тресетишта се главно застапени во планинските силикатни подрачја каде постојат услови за нивно формирање заради планинската клима.

Од антропогените фактори важно е да се спомене масовното сушење на блатата во котлините по Втората светска војна заради добивање плодна почва и заради борбата со маларијата. Во тој период се исушени големи површини од најголемите блата кај нас: Пелагонското Блато, Моноспитовското Блато, Скопското Блато, итн. Планинските тресетишта се засегнати заради зафаќање на вода за наводнување

## ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО

Белчишкото Блато во модерната историја претрпело релативно мал притисок од страна на човекот, за разлика од другите големи блата во Македонија, кои биле делумно или целосно исушени или изменети на друг начин поради контрола на маларија, како и за зголемување на земјоделското производство.





**Слика 1** Поголем извор, почеток на реката Матица

Белчишкото Блато е едно од најголемите преостанати блата во Македонија. Се наоѓа во подножјето на Илинска Планина, поточно под нејзиниот западен огранок Габер, на надморска височина од околу 760 m (Сл. 2). Блатото се потхранува од најмалку девет карстни извори познати како „Сини Вироj" (Сл. 3) кои извираат северно и североисточно од с. Ново Село во правец на с. Белчишта. На потегот со должина од околу 2 km извираат голем број извори. Блатото зафаќа површина од околу 460 ha, а само блатните површини опфаќаат околу 50 ha. За жал, дел од водите од Блатото се канализирани и се користат за наводнување, така што површината на Блатото е многу помала.

Долината Дебарца е исцедена од водите на реката Сатеска. Долниот дел на клисурата е преплавен и претставува остатоци од поранешниот голем неогенско езеро. Се храни со најмалку девет постојани извори.



Локалитетот Белчишко Блато се наоѓа на надморска височина од 764 m. Мочуриштето се шири на исток-запад должина од 6 km и север-југ од 4 km. Вкупната површина на локацијата е 16,2 $km^2$.

Longitude: E 20° 49' 42"
Latitude: N 41° 18' 22"

Широколисните мочуришни шуми што не се развиваат на кисели тресетишта се опфатени во хабитатниот тип G1.4 и во Македонија се застапени со заедници во кои доминира евлата (*Alnus glutinosa*) со единствено наоѓалиште на сочувани состоини кај Белчишко Блато.






**Слика 2** Местоположба на Белчишко Блато

Климата на областа има и медитерански и континентални влијанија. Општо земено, летата се топли и зими се ладни. Просечната годишна температура е околу 9-10 ° C, со просечни годишни врнежи од 730 до 890 mm. Врнежите се случуваат првенствено во ноември и мај. Јули и август обично се без дожд. Регионот е донекаде планински, при што земјоделството обично се појавува во малите долини. Блатото иако е на листата на Емералд подрчје како и можно НАТУРА2000 подрчје истото се уште не е прогласено согласно Законот за заштита на природата.



**Слика 2** Водни текови на Белчишко Блато (Д-р Трајче Талевски, Д-р Марина Талевска)

**ЗНАЧЕЊЕ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО**

Во рамките на Белчишко Блато, согласно истражувања на Менка Спировска и останати 2015, доминантен тип на живеалишта (по EUNIS класификацијата) кои опфаќаат околу 55% од површината на Блатото се: евловите шуми (Mediterranean swamp alder woods), живеалиштата со кисела трева – *Cyperus longus* (Common galingale beds) и живеалиштата со мали појаси од трска во течечки води (Small reed beds of fast-flowing waters). Субмедитеранските влажни ливади се живеалишта



застапени со околу 35% од вкупната површина на локалитетот.



**Слика 3** Информативна табла на патот Охрид-Кичево, кај с. Ботун

Постојат различни ***водни живеалишта*** заради присуството на река, блатни и мочуришни површини. Присутни се типови живеалишта од класата на мезотрофни езера, бари и базен; Крајбрежни појаси трска и високи хелофити (освен шеќерна трска и *Arundo donax*) ; Периодично плавени брегови со пионерска и ефемерна вегетација. Речните живеалишта (Постојани бавно течечки водни текови без естуарии, се претставени со два станишни типа.

***Копнените живеалишта*** се претставени со повеќе блатни и мочуришни живеалишта: Трстици без стоечка вода ; Постилки од големи острици обично без стоечка вода ; Мочуришта и блата во кои доминираат видови од тенколисни рогози (*Juncus effusus*) или други големи (*Juncus*) видови, потоа влажни ливади;



Медитерански високи влажни тревести формациии Субмедитерански влажни ливади , потоа грмушести состоини: Крајречни шибјаци и Врбови шикари и блатни шибјаци и на крај шумски живеалишта: Рипариски и галериски шуми и шумички со доминантни евли (*Alnus*), брези (*Betula*), тополи (*Populus*) или врби (*Salix*) и широколисни мочуришни шуми на базна подлога.

На овој локалитет се развива еден вид диво јаболко од Глобалната Црвена Листа на IUCN - *Malus florentina*. Покрај овој, има и други видови растенија чија распространетост е строго ограничена во другите делови на Македонија, како што се следните: *Catabrosa aquatica, Salvia tenorii, Carex echinata, Lemna trisulca, Ranunculus trichophyllus, Scutellaria galericulata, Hypericum tetrapterum* и други. Белчишко Блато се одликува и со добро сочувана блатна вегетација, во која доминантно присутни се *Sparganium ramosum, Typha latifolia, Alisma plantago-aquatica*, како и многу реткиот вид *Catabrosa aquatica*. Во близина на мочуриштето, кај Ново Село, се наоѓа единственото наоѓалиште на видот *Salvia bertolonii* на територијата на Република Македонија.

Со претходните истражувања на Меловски и др. (2010) беше регистриран 101 растителен вид во пет живеалишта на просторот на Белчишко Блато.
Во поглед на фауната на цицачи, Белчишко Блато претставува значаен локалитет, пред сè поради присуството на неколку значајни и глобално засегнати видови. Истражувањето на фауната на цицачи на подрачјето на Белчишко Блато се спроведе преку преглед на достапната научна литература за ова подрачје, како и теренски посети и регистрирање на присуство на лилјаци преку ехолокација.

Преку достапната научна литература (Kryštufek & Petkovski, 1989, 1990, 2003; Micevski, 2002; Петковски, 1997; Petrov, 1992) и спроведените теренски истражувања, утврдено е присуство на 30 до 31 вид цицачи на подрачјето на Белчишко Блато. Бројката на видови варира поради фактот што детерминацијата на некои видови на лилјаци од родот *Myotis* е невозможна да се спроведе до ниво



на вид само со помош на аудио снимки добиени од ехолокација. Во конкретниот случај, тоа се видови *Myotis myotis* и *Myotis blythii,* кои се симпатрични и често формираат мешовити колонии.

За време на теренските истражувања, пронајдени се 4 до 5 вида цицачи од групата лилјаци кои се нови за подрачјето, и тоа видовите: *Rhinolophus ferrumequinum* (голем потковичар), *Pipistrellus kuhlii* (белорабен лилјак), *Pipistrellus pygmaeus* (џуџест лилјак), *Myotis myotis* (голем ноќник), *Myotis blythii* (остроушест ноќник). Покрај тоа, пронајдени се цврсти докази (стапки, угинати единки и сл.) за присуството на неколку значајни видови цицачи, меѓу кои: мечка *Ursus arctos,* вида *Lutra lutra,* Дива мачка *Felis silvestris и* волк *Canis lupus*.

За разлика од други подрачја во Македонија, постари литературни податоци за фауната на птиците на Белчишкото Блато воопшто не постојат, што претставува отежнувачки момент во проценета на неговото историско значење за птиците. Од нешто понов датум се единствено податоците на (Micevski 2002), кој наведува девет видови птици, меѓу кои и сјајниот ибис (*Plegadis falcinellus*) и големиот воден бик (*Botaurus stellaris*), како историски податоци. Потоа, единствено (Šćiban 2010) дава уште еден податок на единка на жерав (*Grus grus*) регистрирана во април 2007 година, што претставува една од малобројните регистрации на овој вид во Македонија во последните пет децении.

Најзначајно живеалиште во Белчишко Блато секако претставува евловата шума. Ваквиот тип живеалиште е приоритетен за заштита според Директива на Советот 92/43/EEC за зачувување на природните живеалишта и дивата флора и фауна" (во натамошниот текст: Директива за живеалишта): 91E0 * Alluvial forests with *Alnus glutinosa* and *Fraxinus excelsior* (Alno-Padion, Alnion incanae, Salicion albae).

Врз основа на претходна извршената валоризација, Белчишко Блато претставува значајно наоѓалиште и живеалиште за повеќе видови цицачи кои се од посебен



интерес за зачувување на национално и меѓународно ниво, со што потврдува потребата за заштита на ова подрачје. Меѓутоа, она што недостасува и што треба во најбрзо време да се преземе е да се спроведат пообемни истражувања и мониторинг на значајните видови цицачи за утврдување на статусот на нивните популации (големина, популационен тренд).

Како најзначајни видови птици се издвојуваат грлицата (Streptopelia turtur), која е чувствителна на Европско ниво, по долгогодишниот пад на нејзината популација и штркот (Ciconia ciconia), малиот воден бик (Ixobrichus minutus), орелот змијар (Circaetus gallicus), средниот клукајдрвец (Dendrocopos medius) и обичното свраче (Lanius collurio), кои се вклучени на Додаток 1 на Директивата за птици (односно потребно е издвојување на подрачја за нивна заштита). Сите овие видови се чести или релативно чести гнездилки на територијата на Македонија и Белчишкото Блато не претставува клучно подрачје за нивно зачувување. На национално ниво, строго заштитени се 12 видови (барска кокошка, зеленонога блатна кокошка, штрк, мал воден бик, орел змијар, јастреб врапчар, глувчар, кукумјавка, ветрушка, саријазма, сојка и гавран). Сепак, од нив, само првите четири се еколошки поврзани со блатниот екосистем - искористувањето на просторот од одредени видови, итн. Ова особено се однесува за лилјаците, видрата и шарениот твор.

## АНКЕТА НА ЛОКАЛНО НАСЕЛЕНИЕ

Еколошкото друштво „Грашница" од Охрид во рамките на проектот „Белчишко Блато во нашите срца" финансиран од од проектот CRESSIDA и Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа, канцеларија во Скопје, одржа работилница со локални чинители за изработка на план за зачувување на Белчишкото блато.

Работилницата се одржа на 4 декември 2017 г. во просториите на општина Белчишта и беше отворена од градоначалникот на Општината Зоран Ногачески и модерирана од координаторот Ѓоко Зороски. Целта на работилницата беше да се



добијат сознанија преку специјално дизајниран прашалник за ставовите на месното население за идниот режим на заштита кој треба да го добие блатото како дел од европската мрежа на заштитени подрачја НАТУРА 2000. Беше спроведен прашалник со следнава соджина:

**ПРАШАЛНИК**

**Проект: Белчишко блато во нашите срца**

Цел на проектот: зајакнување на капацитетите на општина Дебарца за одржлива употреба на Белчишкото блато преку развој на план за зачувување на блатото и едукација на пошироката јавност.

1. Како го гледате подрачјето на Белчишко Блато за 5 години од сега (во смисла заштитено/незаштитено/туристичко/инфраструктурно..)

2. Дали се гледате како управувач на заштитеното подрачје Белчишко Блато?

3. Што мислите дека треба да се поправи во моментот?

4. Кој државен орган според вас треба да е најодговорен во развој на прописно заштитено подрачје?

5. Која категорија на заштитено подрачје мислите дека треба да биде Белчишко Блато?

1) категорија I:

- I-а–строг природен резерват

- I-б–подрачје на дивина

2) категорија II национален парк

3) категорија III Споменик на природата



4) категорија IV парк на природата

5) категорија V-заштитен предел

6) категорија VI - повеќенаменско подрачје

6. Кои се границите што треба да ги опфати заштитеното подрачје на Белчишко Блато?

7. Дали мислите дека Белчишко Блато треба да се развива како туристичко место?

8. Дали мислите дека Белчишко Блато треба да се развива како место за едукациски цели?

9. Дали мислите дека локалното население треба да ужива во сите погодности што ги уживало досега и ги добивало од подрачјето?

Генералните заклучоци од спроведената анкета се преставени во табела 1

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА**

Врз основа на анкетата реализрана со локалното население како и зачување на блатото и неговите природни вредности, се предлагаат следните препораки кои одговараат на идентификуваните закани, притоа водејќи сметка за традиционалните начини на искористување кои се во голема согласност и хармонија со природните процеси. Преложените препораки се препорачуват се́ додека не се воспостави заштитено подрачје и се изработи план за управување согласно Законот за заштита на природата.

**Табела 1 НАЦРТ ПЛАН ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА БЕЛЧИШКО БЛАТО - СИНИ ВИРОЈ**



| | Акција | Надлежност | Рок за спровед ивање |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на студија валоризација на природни вредонсти на локалитетот | Општина Дебарца и НВО | итно |
| 2 | Отпочнување постапка за прогласување на локалитетот за заштитено подрачје | Општина Дебарца | итно |
| 3 | Воспоставување совет на засегнати страни | Општина Дебарца, локално население и НВО | итно |
| 4 | Запирање на мелиоративните активности и зафати кои придонесуваат за пресушување на блатото | Општина Дебарца | итно |
| 5 | Контрола на нелегалниот риболов и криволовството | Инспекциски служби | итно |
| 6 | Собирање и одложување на комуналниот и другиот отпад, плански и на соодветни локации | Општина Дебарца | итно |
| 7 | Изработка на социо-економска анализа за блатото | Општина Дебарца и НВО | кратко-рочно |
| 8 | Воспоставување дигитална база на податоци за блатото | Општина Дебарца, локално население и НВО | кратко-рочно |
| 9 | Поставување соодветна инфраструктура и одбележување на блатото | Општина Дебарца и НВО | кратко-рочно |
| 10 | Мониторинг на значајни видови и живелишта во блатото од национално и | Општина Дебарца, локално население | долго-рочно |



| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЕУ значење | и НВО | |
| 11 | Воспоставување соодветна структура за мониторинг на блатото | Општина Дебарца, локално население и НВО | долго-рочно |
| 12 | Планско управување со шумите околу блатото | Општина Дебарца, шумско стопанство | долго-рочно |
| 13 | Употреба на традиционални практики на земјоделско производство во околината на блатото | Локално население и НВО | долго-рочно |
| 14 | Намалување на неконтролирана употреба на пестициди и други хемиски средства во земјоделството и нивна замена со алтернативни решенија (органско производство) | Локално население и НВО | долго-рочно |
| 15 | Едукација и подигнување на јавната свест кај луѓето за значењето на блатото | локално население и НВО | долго-рочно |
| 16 | Едукација за подготвка на проекти | Општина Дебарца, локално население и НВО | долго-рочно |
| 17 | Организрање ден на блатото | Општина Дебарца, локално население и НВО | долго-рочно |
| 18 | Отворање инфо-центар за Блатото | Општина Дебарца, локално население и НВО | долго-рочно |



**ЛИТЕРАТУРА;**

1. Законот за заштита на природата Сл.весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14,146/15, 39/16 и 63/16)
2. Закон за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15)
3. Студија за биолошката разновидност на Белчишко блато, завршен извештај - ДЕКОНС-ЕМА 2015 г.
4. Прелиминарни истражувања на Белчишкото Блато (Сини вирој) Д-р Трајче Талевски, Д-р Марина Талевска, ХИДРОБИОЛОШКИ ИНСТИТУТ ОХРИД, Р.МАКЕДОНИЈА
5. Стратегија за биолошка разновидност на Р. Македонија (2018-2023)
6. Стратегија за заштита на природата на Р. Македонија (2017-2027)
7. ЛЕАП за Општина Дебарца

